Здружение на граѓани
ФИНАНЦЕ ТХИНК
Институт за економски истражувања и политики
Бр. 02-231/01
04.07 2018 год.
СКОПЈЕ

04.07.2018

**Предмет:** Барање за доставување понуда за **Експерт во област Квантитативни економски методи и истражување**, на проектот "Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните МСП во Македонија" РЕФ БР. 12-7323/1, финансиран од Европската Унија

Финанце Тхинк – Институтот за економски истражувања и политики, објавува повик за избор на надворешен експерт во областа квантитативни економски методи и истражување. Повикот се спроведува во рамки на проектот "Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните МСП во Македонија" РЕФ БР. 12-7323/1, финансиран од Европската Унија спроведен од Finance Think – Институт за економски истражувања и политики, Скопје во партнерство со Центар за Управување со Промени.

## 1. За проектот

Основна цел на проектот е "да се воспостават и/или да се подобрат врските помеѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании кои работат во Македонија, со цел да се зголеми конкурентноста на домашниот бизнис сектор".

## 2. Предмет на набавката

Предмет на набавката е експертски ангажман[1] за изработка на Импакт евалуација на активностите за домашните компании (обуки и менторска програма), преку примена на напредни економетриски техники.

### а. Очекуван резултат

Очекуван резултат е студија за политиките од Импакт евалуацијата, со делови за:

- Опис на интервенцијата
- Таргет и цели
- Методологија и податоци
- Резултати и препораки

Препорачани методи за евалуација се оние кои припаѓаат на Квази-експериментални истражувачки дизајни на импакт евалуација[2].

---

[1] Државните службеници и/ или останатиот персонал тековно вработени во јавната администрација нема да бидат прифатени доколку аплицираат за експерти. Експертот мора да е независен и без конфликт на интерес по однос на обврските дефинирани во овој Опис на надлежности.

[2] Експертот во соработка со Координатор за научен дел, мониторинг и евалуација на проектот, може да идентификува и примени и посоодветни економетриски методи во текот на истражувањето.

b. **Главни активности на Експертот**

Активностите вклучуваат:

- Подготовка на прашалник пред и по активностите (обуки и менторска програма)
- Обработка на податоците, прибрани преку анкета од проектниот тим
- Естимација на резултатите преку користење напреден економетриски софтверски систем
- Испишување на студијата
- Редовна координација и соработка со проектниот тим

Предметот на договорот е неделив. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови, во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива. Договорот за набавка се однесува на вкупната цена, без ДДВ, во која се вклучени сите трошоци и попусти.

a. **Период и обем на ангажманот**

Вкупниот ангажман е 40 денови.

Периодот на спроведување на активностите и испорака на студијата е септември 2018 година – декември 2019 година.

3. **Потребни вештини и квалификации на Експертот**

a. **Задолжителни барања**

- Минимум 7 (седум) години работно искуство кое применува аналитичко-истражувачки, статистички вештини
- Магистерски студии во област економија што вклучува изучување напредна статистика и економетрија
- Примена на статистички пакети
- Вештини за примена на квази-експериментални методи за Импакт евалуација
- Вештини за пишување и анализа

b. **Ќе се смета за предност**

- Завршени или во тек докторски студии
- Формален или неформален тренинг во област на бизнис и бизнис финансии
- Искуство во соработка со домашни или мултинационални компании

4. **Критериум за доделување на договорот за набавка**

Критериум за доделување на договорот за набавка е според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена“ (т.н. best value for money-quality ratio). Квалитетот носи максимални 70 бодови, според оценката на исполнителноста на критериумите и професионалната биографија.

Цената носи максимални 30 бодови и се оценува според формула, при што најниската понуда добива максимални 30 бодови, следната најниска 20 бодови и највисоката и сите последователно рангирани 10 бодови.

Како критериуми кои се оценуваат се:

- Образование (запишани докторски студии или завршен докторат ќе се сметаат за предност)
- Искуство во статистичка анализа на податоци (најмалку еден претходен проект)
- Искуство во пишување и анализа врз база на квантитативни истражувања (магистерски или докторски тези или други публикации)
- Искуство во работа со бизнис сектор ќе се смета за предност

## 5. Содржина на понудата

Понудата треба да се состои од следниве елементи:

- Документација (ЦВ, листа на реализирани проекти, услуги, активности и публикации релевантни за повикот, организација и методологија, изјава и дополнителни документи кои кандидатот ги смета за значајни); и
- финансиска понуда (пополнет образец на финансиска понуда како што е дадена во образецот во прилог).

Finance Think го задржува правото, критериумите да ги оцени и/или потврди информациите преку барање за дополнителни информации или интервју.

## 6. Цена на понудата

Финансиската понуда понудувачот ја пополнува како што се бара во образецот. Максималниот износ на финансиската понуда може да изнесува до 493.000,00 денари. Понудите кои го надминуваат максималниот износ на понудата ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

- Финансиската понуда е глобална цена за понудата и таа треба да ги вклучува сите планирани активности и директно и индиректно поврзани трошоци за успешно спроведување на анализата.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и треба да биде искажана без данок на додадена вредност (без ДДВ).
- Цената на понудата се изразува во македонски денари, испишана со бројки. Македонскиот денар ќе се користи како валута за евалуација на понудите. За евентуални пресметковни потреби, договорниот орган ќе ги користи средните курсеви на Народната банка на Република Македонија.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, договорниот орган од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни на писмено, кои се причините за таквата цена во рок од 3 дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

## 7. Краен рок и место за поднесување на понудите

Краен рок за доставување на понудите е **11.07.2018 година во 15:00 часот.**

Понудите се поднесуваат во електронски формат на nabavki@financethink.mk Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета.

**Измена и дополнување на тендерската документација**

Finance Think го задржува правото да ја измени или да ја дополни документацијата, за што веднаш ќе ги извести сите поканети понудувачи.

## 8. Поништување на постапката

Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за набавка ако:

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива или соодветна понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган,
- избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот,
- други услови за кои договорниот орган соодветно ќе информира.

Здружение на граѓани - Институт за економски истражувања и политики FINANCE THINK ФИНАНЦЕ ТХИНК Скопје

**ПРИЛОГ 1: ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДАТА / OFFER FORM**

***Експерт во област Квантитативни методи и истражување***

*Expert in the field Quantitative Research Methods*

**Цената се однесува на ден, за периодот септември 2018 до 15 декември 2019.**

*The price refers to daily rate for the period from September 2018 to 15th of September 2019.*

| Ставка | Количество (денови) | Един. Цена (МКД) бруто | Вкупно | Item |
|---|---|---|---|---|
| | Quantity (days) | Price Per Item (MKD) Gross | Total | |
| Експерт во област Квантитативни методи и истражување<br>Дневна цена | 40 | | | Expert in the field Quantitative Research Methods<br>Daily rate |

**Датум/Date** **Потпис/Signature**

**04.07.2018**

**ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИЈАВИ**

**Експерт во област Квантитативни економски методи и истражување**, на проектот "Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните МСП во Македонија" РЕФ БР. 12-7323/1, финансиран од Европската Унија

Почитувани,
Ве покануваме да доставите пријава за Експерт во област Квантитативни економски методи и истражување, на проектот "Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните МСП во Македонија" РЕФ БР. 12-7323/1, финансиран од Европската Унија.

Во прилог ја праќаме тендерската документација, составена од:
1. Анекс 1: Барање за понуда
2. Анекс 2: Организација и методологија
3. Анекс 3: Формулар за финансиска понуда
4. Анекс 4: Изјава

Максималниот бруто износ за ангажираниот експерт не може да надмине 8.000 евра во денарска противвредност, според курсот што го користи проектот.
Заинтересираните понудувачи треба да ја достават својата пријава на следните адреси за електронска пошта nabavki@financethink.mk не подоцна од 15:00 на 11.07.2018 година,
Во прилог на понудата, понудувачите задолжително треба да достават:
- Детално резиме (биографија), на македонски или англиски јазик, со преглед на релевантното искуство;
- Организација и методологија
- Финансиска понуда
- Пополнета и потпишана изјава од понудувачот

Изборот ќе се направи врз основа на најдобра вредност за понудената цена.

Благица Петрески

Главен економист и Извршен директор

Finance Think - Скопје

Здружение на граѓани - Институт за економски истражувања и политики · FINANCE THINK ФИНАНЦЕ ТХИНК Скопје